**Од**
**Иван Сотировски**
**Бул.Асном бр.20/2-29**
**Скопје**

**Предмет:** Предлог за дополнување на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи од март 2018 година

Почитувани,

Од причините кои се наведени кон предлог текстот за изменување и дополнување на Законот за работните односи може да се заклучи дека со овој предлог од една страна се врши доуредување на Законот, со цел негово усогласување со Европската социјална повелба, а од друга страна предкожените измени се согласно извештајот „Duing Business 2018" на Светската банка и Програмата за работа на Владата на Република Македонија.

Имајќи ги предвид горенаведените причини во процесот пред донесувањето на оваа предлог измена на Законот, би сакал да обрнам внимание на одредбите од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија", бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) во глава XVIII Синдикати и здруженија на работодавачи кои се однесуваат на основањето, членувањето, здружувањето, правниот субјективитет и постапката за негово стекнување, а кои треба да се изменат без одложување и за кои сметам дека би требало да станат дел од оваа предлог измена.

Имено, овој дел од Законот, двапати беше изменуван и дополнуван и притоа и во двата случаи одредбите кои се донесуваа во голема мера беа дискутабилни!?

Така, со членот 23 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09)** беше изменет членот 189 и се утврди дека Синдикалната организација на ниво на работодавач стекнува својство на правно лице по денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија, додека синдикат на повисоко ниво стекнува својство на правно лице по денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија, а по претходен упис во регистарот на синдикати кој го води Министерството за труд и социјална политика.

Понатаму со членовите 25 и 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09) беше интервенирано во членовите 191 и 192 од Законот за работните односи и се допрецизира постапката за упис на синдикатите на повисоко ниво пред Министерството за труд и социјална политика и постапката по донесувањето на Решението за упис од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Со членот 8 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.11/12)** во

членот 189 беше избришан ставот 1 со што се ограничи правото на синдикално здружување на работниците на ниво на работодавач.

Овие две измени на Законот, беа донесени и покрај тоа што и двете се во спротивност со:

**1.Конвенцијата бр.87 за слободата на здружување и заштита на правото на организирање од 09 јули 1948 година** која е обврзувачка за сите земји членки на Меѓународната организација на трудот.Република Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот од 28 мај 1993 година.

Според оваа конвенција, работниците и работодавачите без претходно одобрување имаат право да основаат организации и само врз основа на правилата на организацијата, да пристапуваат во истата по сопствен избор. Јавните органи според оваа конвенција мораат да се воздржат од какво било мешање што би довело до ограничување на ова право или попречување на неговото законито применување во пракса.

Конвенцијата понатаму, го утврдува правото на работниците и работодавачите да формираат и да се приклучуваат во федерации и конфедерации кои пак имаат право да се зачленуваат во меѓународни организации на работници и работодавачи.

Добивањето правен статус на организациите на работниците и работодавачите, федерациите и конфедерациите согласно оваа конвенција, **не смее да биде предмет на услови со кои би се ограничило правото на слободно основање и здружување**.

Националните законодавства не смеат да бидат конципирани на начин со кои би се ограничиле гаранциите утврдени со оваа конвенција.

**2.**Одредби од самиот **Закон за работните односи** („Службен весник на Република Македонија", бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) каде во глава **XVIII Синдикати и здруженија на работодавачи** во духот на горенаведената конвенција, во член 184 е утврдено правото на работниците и работодавачите по слободен избор да основаат синдикат и здруженија и во нив да се зачленуваат под услови пропишани во актот за основање (сатут) и правилата на синдикатот односно здружението.Основањето на синдикатите и здруженијата согласно овој член може да се спроведе без претходно одобрување

Во членот 187 од Законот, утврдено е правото на синдикатите и здруженијата на работодавачите да основаат свои сојузи или други облици на здружување (синдикати на повисоко ниво) и истото не претставува должност туку право на синдикатите и здруженијата на работодавачите да можат да се здружуваат на повисоко ниво заради остварување на своите интереси.

**3.Уставот на Република Македонија** во член 37 ја утврдува можноста синдикатите да основаат свои сојузи, а правото на синдикално организирање со закон го ограничува само во вооружените сили, полицијата и органите на управата.

Од сето горенаведено може да се заклучи дека Законот за работните односи треба да претрпи измени во делот на глава **XVIII Синдикати и здруженија на работодавачи** со цел да се отстранат ограничувањата кои се гарантирани со Конвенцијата бр.87 за слободата на здружување и заштита на правото на организирање од 09 јули 1948 година и Уставот на Република Македонија**.**

На крајот би сакал да напоменам дека во **Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020** во делот „Нови работни места и повисоки плати" е предвидено синдикатите да можат да се регистрираат само во Централниот регистар на Република Македонија без постапката која треба да се спроведе пред Министерството за труд и социјална политика.

Со почит,

Иван Сотировски